Здружение на Граѓани ЕКО ЛОГИК

Ул. Бранислав Нушиќ 13-1/17

Тел: 389 02 5112716 / 389 78 365 902

veloschools.ecologic@gmail.com

ecologic.mk@gmail.com

www.ecologic.mk

# **„Велосипедски сообраќајни правила“**

- „Велосипедски премин“ е обележан дел долж коловоозот со пропишан сообраќаен знак, наменет за премин на велосипеди преку коловозот. Преминувањето со велосипед преку пешачки премин може да се прави исклучиво доколку се турка велосипедот.
- Возачот на велосипед кој се вклучува во сообраќајот од гаража, двор или друга слична површина, ако видикот му е закриен со друго возило, објект или предмет или ако видливоста му е намалена, должен е да го турка велосипедот
- Максимално дозволена брзина за велосипедите кога се движат по велосипедска патека или лента е 25 km/h.
- На велосипедот задолжително треба да има светло во бела боја на предната страна, како и катадиоптер со црвена боја или рефлектирачка лента на задната страна, и по еден катадиоптер со жолта или портокалова боја на секоја страна.
- Возачот на велосипед е должен да се движи што поблиску до десниот раб на коловозот, а ако постои велосипедска патека-по велосипедската патека, односно лента.
- Ако двајца или повеќе возачи на велосипед се движат во група, должни се да се движат еден по друг.
- Ако на патот постои посебно уредена велосипедска патека, возачот на велосипед се движи по десната велосипедска патека во однос на правецот на движење на сообраќајот. На велосипедски патеки уредени и обележани за сообраќај на велосипеди во двете насоки, велосипедите се движат по десната страна на правецот на движењето.
- Возачот на велосипед е должен да управува со својот велосиепд на начин на кој не се намалува стабилноста на возилото и не се попречуваат другите учесници во сообраќајот, а особено не смее да ги симнува рацете од управувачот, да се придржува за друго возило, да превезува, влече или турка предмети што можат да го попречуваат во управувањето со својот велосиепд, или да ги загрозува другите учесници во сообраќајот.

*Оваа активност е реализирана во рамки на програмата **„Вело училишта“***, која е имплементирана од Здружение на Граѓани- **Еко Логик**.

Здружение на Граѓани ЕКО ЛОГИК

Ул. Бранислав Нушиќ 13-1/17

Тел: 389 02 5112716 / 389 78 365 902

veloschools.ecologic@gmail.com

ecologic.mk@gmail.com

www.ecologic.mk

- Возачот на велосипед може да превезува други лица, само ако на велосипедот постојат посебни седишта.  Деца до 14 годишна возраст не смеат на велосипед да превезуваат други лица.
- На велосипед, како и во приколка што ја влече велосипед, не смеат да се превезуваат предмети пошироки од еден метар.
- Возачот на велосипед, додека управува со велосипедот, не смее да води животни.
- На магистрален и на регионален пат не смее да се врши оспособување на лица за управување со велосипед.
- По автопат, експресен пат и на пат резервиран за сообраќај на моторни возила, не смеат да се движат велосипеди.
- На велосипед смее да се превезува дете до осумгодишна возраст, ако на велосипедот се вградени едно или повеќе посебни седишта пред или зад возачот.
- Велосипед на пат може да управува лице кое наполнило десет години.
- Во зона на смирен сообраќај, велосипед може да управува лице до десет години, во придружба на лице постаро од 16 години.
- Полициски службеник ќе му забрани на лице да управува со велосипед на јавен пат, ако е очигледно дека лицето не е подготвено за тоа.

**Превземено од РСБСП-Републички совет за безбедност во сообраќајот на патиштата*

И покрај тоа што според  Закон за безбедност на сообраќајот на патиштата не е задолжително и не се предвидени посебни санкции, сепак заради заштита, пред се на велосипедистите, децата и учениците кои возат велосипед  „Вело Училишта", поддржува и посебно укажува и апелира да се почитува следново:

- Возачот и лицата кои се превезуваат со велосипед треба да носат заштитна кацига на главата за време на возењето.
- Возачот и лицата кои се превезуваат со велосипед во вечерни услови и во услови на намалена видливост треба да имаат поставени предно и задно светло на својот велосипед, и пожелно -  да носат рефлектирачки елек за време на возењето.

*Оваа активност е реализирана во рамки на програмата **„Вело училишта"***, која е имплементирана од Здружение на Граѓани- **Еко Логик**.